45124

Вечер 25 ЈАНУАРИ 1999 11 002,



### КАКО СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ДЕЛАТА ВО ИЗЛОЖБЕНИТЕ И МУЗЕЈСКИТЕ ПРОСТОРИ?

# ИЗЛОЖБИТЕ ОСИГУРАНИ НА ЧЕСЕН ЗБОР

**Колку и како во нашата средина се заштитени ликовните дела, од оној момент кога тие ќе го напуштат ателјето на уметникот – е прашање што повторно се актуелизира во домашната културна јавност по неодамнешниот антиликовен чин во Салонот на Културно-информативниот центар во Скопје, кога непознат сторител „дослика“ со фломастер четири слики на уметникот Коле Манев, што деновиве, беше јавно осуден и од Друштвото на ликовните уметници на Македонија.**

**● ЕДИНСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ СЕ ВРШИ НА ИЗЛОЖБИТЕ ШТО ДОАЃААТ ПО ПАТ НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ, А ЗА ДОМАШНИТЕ ЗА ТОА НЕ СТАНУВА ЗБОР.**

Уметниците веќе се изјаснија: нема соодветна заштита на делата кога тие се наоѓаат во ликовните изложбени простори, не се потпишуваат никакви договори меѓу нив и соодветните институции, освен на „чесен збор“, никогаш ликовните дела не се осигуруваат освен кога дел од нив треба да се презентира надвор од нашата земја. Институциите кои вршат промовирање на ликовната дејност кај нас потврдуваат дека ги немаат запазено светските стандарди во однос на заштитата и осигурувањето на ликовните дела, но и дека се немоќни нешто да сторат заради немање на пари.

**Сликата, на „самото место“, пак, е ваква: и Културно-информативниот центар, како и секоја друга галериска или музејска институција во Македонија имаат еднакво ограничени можности за заштита на уметничките дела. Освен персонал, чувари и клучеви за врати, немаат никакви други технички помагала за заштита од кражба, или уништување на изложените дела. Одговорноста за штетите настанати врз уметничките дела паѓа врз плеќите на вработените кустоси, историчари на уметност и чуварската служба.**

Ваквиот непрофесионален однос кога се работи за заштита и осигурување на делата на уметниците, според Зоран Петровски, директор на Музејот на современа уметност, повеќе се одразува врз поставките на изложбите што доаѓаат од надвор, отколку на оние на нашите уметници, кои познавајќи ги домашните прилики сепак ризикуваат да излагаат во нашите галериски и музејски салони.

**– Сме се нашле во ситуации некои значајни изложби на странски автори да ги одбиваме заради непостоење на минимум услови за обезбедување. Исклучоци се изложбите кои доаѓаат по пат на меѓународни договори кои вклучуваат специјални цени за осигурување, кои се неопходни, како што беше изложбата на познатиот уметник Тони Крег, лани, и како што беше сега случај со изложбата на Личеноски. Сите негови дела позајмени од приватните и колекционери и музеи од СР Југославија се осигурени, но како комплетно осигурување, сосе транспортот, а не само во текот на изложбата, што според мене е поправилно и поцелисходно – вели Петровски.**

Во Министерството за култура, кое од институциите кои ја вршат оваа дејност е најизвикано како орган кој „не дава пари“ за обезбедување, заштитата и осигурувањето го гледаат во релацијата на институција – автор, зашто, велат, и не може поинаку да се реши. Државата интервенира само кога се поставуваат изложби за кои се склучени меѓународни договори, или Владата дава гаранција, кога станува збор за изложби од непроценлива вредност каква што беше таа за експонатите од трезорите на Кремљ.

Во Министерството пак, вината ја префрлаат на галериите и музеите и за изложбите на домашните ликовни уметници што се организираат кај нас велат:

**– Во изминативе неколку години во ниедна калкулација на музејските или галериските институции не сме добиле ставка за осигурување на изложбите. Не се работи за голема сума пари. Друга е работата да сме добиле таква ставка, а да сме ја одбиле.**

Л. Сабит



КОЈ СЕ ГРИЖИ ЗА ИЗЛОЖЕНИТЕ СЛИКИ НА УМЕТНИЦИТЕ?